1318


PRES-SERVIS

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
16. VI. 1966


ПРОЛЕТВА

# БОГАТ ЛИКОВЕН ЖИВОТ

**Во последниве неколку месеци ликовниот живот во нашиот град беше мошне богат, како по многубројните изложби, така и по уметничката носивост на поединечните настапи. Особено големо интересирање предизвикаа изложбите на подарени дела од Франција и од Полска, што беа организирани од страна на младата институција — Музејот на современа уметност од Скопје.**

И покрај тоа што овие изложби немаа некој систематизиран карактер, туку повеќе значеа израз на солидарност за нашиот настрадан град, сепак преку различните уметнички дела, тие што досега немале никаква претстава за уметничките тенденции на овие две земји, сега можеа да добијат приближна слика за нив.

**За традиционалната пролетна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. може да се каже дека таа овој пат имаше цел да ни ги прикаже последните остварувања на помладите наши уметници**

За одбележување се и изложбите на неколку наши помлади сликари. кои прапат й се претставуваат на скопската ликовна публика со самостојни изложби. Тоа се сликарите **Момчило Петровски — Моцо**, чии слики и цртежи претставуваа извесна синтеза на апстрактни и на фигуративни елементи, а силно што асоцираа и на делови од македонското поднебје; потоа сликарот **Теофил Шулајковски**, чии слики во акварелна техника, значеа импресивни сликарски белешки од пејсажите покрај нашите манастири; деновиве ја видовме и изложбата на младиот сликар **Драгољуб Анастасов** кој се појави со слики работени во стилот на енформелот, претендирајќи првенствено на солидната техничка изведба на својот уметнички предмет. Првата самостојна изложба на **Драгутин Аврамовски — Гуте** беше интересен настан во нашиот ликовен живот, зашто неговата уметничка активност ни е позната уште од пред десетина години. Посебна новина во оваа изложба беа неговите остварувања во доменот на графичката дисциплина, која за жал, кај нас е недоволно афирмирана.

**И покрај тоа што пролетната сезона е при крај, сепак, се очекуваат уште неколку интересни изложби, што ќе имаме можност да ги видиме во просториите на Работничкиот дом-универзитет и во салата „Ѓуро Салај“ во Скопје.**

**Т. Ш.**